# ХИДРОТЕРМАЛНИ РЕЗЕРВИ И МОЖНОСТИ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА

## Изворите Л”џи и Бања Кежовица




Југозападно од Штип близу периферниот реон Ново Село на десниот брег на река Брегалница во клисурата изградена од интензивни ерпутивни карпи се наоѓаат термоминералните води, односно извори: Л”џи и Кежовица. Локалитетот Л”џи зафаќа поширок простор, а водата се јавува на повеќе места во гранитната маса покрај брегот и на дното на коритото на река Брегалница. Вториот локалитет Кежовица зафаќа далеку помало пространство на десниот брег на река Брегалница.Овде е изградена и бања таа е позната уште од времето на турското владеење во Македонија ( според некој податоци се претпоставува дека е изградена кон крајот на XII.) и тогаш исто како и денес се користела како лековита термална бања.

# ИСТРАЖУВАЊА

Во изминативе педесетина години извршени се голем број на испитувања на овој локалитет. Најобемни се испитувањата од 1953г. кога кај бањата Кежовица и изворот Лгџи се направени 6 дупнатини на длабочина од 10-43,2м. и е добиена прватa хемиска анализа и лековитите својства на термалните води.Во 1977г. се изработени и два истражни бунари на кои се базираат понатамошните истражувања




# КЛИМА

Според климатската положба ова подрачје е под влијание на континентална клима карактеристична со доста топли и суви лета и ладни зими.

# ХИДРОГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ




**БУНАР Л” џи**

- длабочина 44м
- кота на терен  251м
- издашност 6,4 л/с.
- температура 51-59 степени С

**БУНАР Кежовица**

- длабочина 30,7м
- кота на терен  261м
- издашност 1,31 л/с.
- температура 52-58 степени С

## АНАЛИЗИ НА ВОДАТА

- Термоминерална
- Високо радиоактивна ( 15,59 Милимикрокири на литар)
- Хидрокарбонантна, калциумско хлоридно натриумска со зголемени концентрации на SO , F и B-3




Резултатите од деталните хемиски анализи на термалните води укажуваат дека водата може да се применува за медицински, рехабилитационен и рекреативен туризам

# ЛОКАЦИЈА

Бањата кежовица се наога 2,5км југозападно од Штип во непосредна близина на патот Штип-Радовиш во регионот на историското Ново Село,богато со многу верски и културни споменици со специфична архитектура.





# ВОДА

Бањата како старите турски амами затоа е поделена нмашка и општа женска бања.Располага со современи а два меѓусебно раздвоени дела општа туш кабини,дел за ноќевање со 13соби и 32 кревета за гостиштo доагаат за рекреација и ноќевања.Бањата располага со кујна во која гостите можат сами да готват.

Бањата покрај можностите за лекувачки активности со оглед на климата може да се користи и како рекреативен центар,има можност за прошетки и трчење по брегот на реката Брегалница.Фудбалското игралиште кое се наога до самата бања нуди повеќе спортски можности.Местоположбата И мирното место овозможуваат идеали услови за одмор И рекреација.

# Здравје

Водата во бањата се користи за:

-Болести на размена на материи-дијаберис(шекерна болест)

-Невролошки заболувања-ишијас

-Нарушување на нервновегетативниот систем

-Ревматизам

-Заболување на зглобовите

-Гихт

- Алергични заболувања и други инфекции на кожата

-Хронични заболувања на дишните патишта

-Бронхијална асма

-Неплодност и намален потенцијал на двата пола

-Артериосклероза И зголемен крвен пртисок



